Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ
23.04.2015
Број | Прилог | Вредност
11 3089 | 1 |

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

# ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

**1. Програмскиот надзор се врши како:** **контролен**

**2. Субјекти на надзорот:** Друштво за промет, производство и услуги ФИБЕРНЕТВОРКС ДООЕЛ увоз-извоз Скопје - дигитален пакет

**3. Датум на извршување на надзорот:** 23.04.2015 година.

**4. Предмет на надзорот:**

- Надзорот се врши со цел да се констатира дали операторот врши реемитување на програмски сервиси без издадена потврда за регистрација на пакет програмски сервиси.

**5. Претходно изречена мерка:**

Решение за опоменување и за исклучување на реемитувањето на програмски сервиси Уп.1 бр.11-734 од 09.04.2015 година издадено врз основа на Писмениот извештај за извршен вонреден програмски надзор бр.11-2694/1 од 03.04.2015 година.

Решението е уредно примено на 15.04.2015 година.

**6. Констатации од надзорот:**

Со контролниот надзор врз операторот на јавна електронска комуникациска мрежа Друштво за промет, производство и услуги ФИБЕРНЕТВОРКС ДООЕЛ увоз-извоз Скопје - дигитален пакет е констатирано прекршување на член 141 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**7. Опис на прекршувањето:**

Со надзорот беше констатирано дека овој оператор на подрачјето на с.Стајковци, Скопје во својот дигитален пакет го реемитува програмскиот сервис Duga TV, кој што не е регистриран во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиуми услуги, што е спротивно на член 141 од Законот за аудио и аудиовизулени медиумски услуги.

**8. Предлог мерка:**

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

Поради тоа што операторот на јавна електронска комуникациска мрежа Друштво за промет, производство и услуги ФИБЕРНЕТВОРКС ДООЕЛ увоз-извоз Скопје продолжува со вршење на истата повреда на Законот за која е опоменет Директорот на Агенцијата да поднесе барање за поведување прекршочна постапка.

**Одделение за заштита на авторски права, Сектор за стратешко планирање и авторски права**